СТОПАНСКА КОМОРА
НА МАКЕДОНИЈА
ECONOMIC CHAMBER
OF MACEDONIA

# ПРЕДЛОГ-МЕРКИ НА СТОПАНСКАТА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА ЗА ПОДОБРУВАЊЕ НА БИЗНИС-КЛИМАТА ВО РМ ВО 2008 ГОДИНА

**ШТО НАЈГОЛЕМАТА, НАЈСТАРАТА И НАЈБРОЈНА БИЗНИС-АСОЦИЈАЦИЈА ВО РМ ПРЕДЛАГА НА ВЛАДАТА ЗА ПОДОБРУВАЊЕ НА БИЗНИС-АМБИЕНТОТ ВО 2008 ГОДИНА**

**Декември, 2007 година**
**Скопје**

# В о в е д

Стопанската комора на Македонија, како најстара и најбројна бизнис-асоцијација во нашата земја, годинава имаше активна институционална и системска улога во дефинирањето на деловниот амбиент во Република Македонија, пред се´ преку зацврстување на партнерството со Владата на Република Македонија за сите прашања релевантни за економијата.

Преку своите форми на организирање, членките беа активно вклучени во градењето на системската регулатива и во регулаторната гилотина, при што за секој законски или подзаконски акт даваа мислење, прифаќаа и оспоруваа одредени предлози, кои според нивна оценка не беа во согласност со условите за нивна имплементација во пракса . Исто така, иницираме носење на приоритетни правни акти, измени во постојните, како и дававме предлози на системски мерки и активности за надминување на одредени тековни проблеми согласно постојната законска регулатива.

За 2008 година, Владата на Република Македонија зацрта реализација на основните макро-економски предвидувања од:

- просечната стапка на пораст на БДП од 6-6,5%;
- ниска и стабилна стапка на инфлација меѓу 2,5 и 3%:
- годишен пораст на вработеноста од 4%;
- пораст на продуктивноста од 4-5%;
- странски директни инвестиции од 403 милиони САД долари, или пораст од 12% во однос на 2007 година.

Имајќи предвид дека реализацијата на наведените основни макроекономски параметри се во директна зависност од состојбите, односно движењата на микро план, порастот на производството и услугите во реалниот сектор, неопходно е подобрување на бизнис-климата за реализација на истите, во чие креирање Владата на РМ има клучна улога.

Во тој контекст, Стопанската комора на Македонија укажува на потребата од реализација на следните

# ПРЕДЛОГ-МЕРКИ
# за подобрување на бизнис-климата во 2008 година

**ПРИОРИТЕТ 1:**

Задолжително консултирање на бизнис-секторот при изготвување законска регулатива значајна за стопанството.

**ПРЕДЛОГ-МЕРКИ:**

Законско уредување на обврската на Владата на Република Македонија за задолжително консултирање на бизнис-секторот при изготвување на законската регулатива значајна за стопанството, преку спроведување на RIA (Regulatory Impact Assessment).

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ:**

Во функција на унапредување на воспоставената соработка меѓу бизнис-заедницата и Владата на Република Македонија, а со цел ефикасно спроведување на реформите во законската регулатива од областа на стопанството, укажуваме на потребата од поинтензивна соработка и консултирање на бизнис-заедницата за сите прашања поврзани со реформите во стопанската регулатива.

Стопанската комора на Македонија ја поддржува определбата на Владата на Република Макеоднија за подобрување на бизнис-климата во РМ која, меѓу другото, ќе се постигне и со спроведување на RIA (Regulatory Impact Assessment), за што ја изразува својата подготвеност за соработка и давање конкретен придонес во ефикасното спроведување на овој инструмент.

Особено значајно прашање на овој план, кое беше најавено од Владата на РМ, е создавањето правна основа за задолжително консултирање на бизнис-заедницата при подготовка на законската регулатива значајна за започнување и водење бизнис во РМ, такашто ниту еден законски или подзаконски пропис нема да влезе во владина процедура доколку пред тоа не биде разгледан од деловните луѓе организирани преку деловните заедници. Исто така, задолжително да се консултира бизнис заедницата и при измените и дополнувањата во законската регулатива. Согласно досегашните консултации, беше најавено дека ова ќе биде уредено со Деловникот на Владата на РМ или со посебно законско решение.

Со тоа, покрај постигнувањето поголем квалитет и применливост на донесените законски решенија, ќе се овозможи и ефикасна имплементација и спроведување на прописите во пракса.

**ПРИОРИТЕТ 2:**

Воведување систем на пресметка и исплата на бруто-плати.

**ПРЕДЛОГ-МЕРКИ:**

Владата на РМ во 2008 година да направи сериозна и сеопфатна анализа за примената на системот на бруто-плати.

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ:**

Постојниот систем на пресметка на плати не е усогласен со европската практика каде што се применува системот на бруто-плати. Токму затоа се налага потребата тој да се измени и да кореспондира со системот на бруто-плати кој го применуваат земјите од ЕУ. На тој начин истиот ќе биде разбирлив за странските инвеститори бидејќи трошоците за работната сила претставуваат значајна ставка во нивните бизнис-планови. Тоа го потенцираше и го прифати и Советот на странски инвеститори при Комората. Оваа обврска е сугерирана на нашата Влада и од страна на експертите на ММФ. Социјалните моменти кои ги содржи системот на бруто-плата Владата треба да ги тргне од претпријатијата и да ги регулира со свои мерки и инструменти.

**ПРИОРИТЕТ 3:**

Намалување на придонесите.

**ПРЕДЛОГ-МЕРКИ:**

Владата на РМ во 2008 година да направи сериозна и сеопфатна анализа за можностите за намалување на придонесите.

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ:**

Постојниот систем на оптоварување на платите со придонеси е многу неповолен за работодавачите, бидејќи оптоварувањето е меѓу највисоките во Европа и е голем демотивирачки фактор за привлекување странски инвестиции и одудара од општите залагања на Владата за промовирање на добра бизнис-клима. Мерките што треба да произлезат од анализата треба да кореспондираат и со реформите во пензискиот систем и со реформите во здравственото осигурување.

**ПРИОРИТЕТ 4:**

100% реализација на зацртаните капитални инвестиции во Буџетот за 2008 година.

**ПРЕДЛОГ-МЕРКИ:**.

Владата на РМ да го преиспита системот на планирање и реализација на капиталните инвестиции и да определи конкретни обврски со рокови за сите органи кои се корисници на буџетските средства.

Во Законот за извршување на Буџетот да се предвиди казна за оние раководители на органи и конкретни лица кои работат на оваа проблематика доколку не се придржуваат до роковите за реализација на капиталните инвестиции кои се содржани во Буџетот. Реализацијата на овој приоритет да биде основен критериум за оценка на работата на соодветните органи и на Владата во целина.

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ:**

Реализацијата на капиталните инвестиции, по правило, била болна точка на сите досегашни влади. Затоа и степенот на нивна реализација бил доста низок и не придонесувал многу на вкупниот стопански развој. Но, и покрај тоа владите не преземале енергични мерки да ја променат состојбата.

За странските инвеститори значаен момент во нивната бизнис-политика е сознанието дали државата посветува внимание на реализацијата на капиталните инвестиции или тоа го очекува од странците. Впрочем, ако државата инвестира тоа е позитивен сигнал и поттик за инвестирање и од страна на приватниот сектор.

**ПРИОРИТЕТ 5:**

Поттикнување на инвестициони активности, со подеднаков системски третман на домашните и на странските инвестиции.

**ПРЕДЛОГ-МЕРКИ:**

Владата на РМ да донесе Закон за поттикнување на вложувањата.

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ:**

Неоспорно е дека странските дирекни инвестиции се клучен фактор за интензивирање на производството без да се поттикне порастот на агрегатната потрошувачка во земјата, со што ефикасно и на краток рок ќе се влијае врз намалувањето на трговскиот дефицит. Факт е и дека зголемувањето на продуктивноста е во директна зависност од техничко-технолошката модернизација, новите знаења кои најбрзо доаѓаат со

странските инвестиции. Оттаму произлегува приоритетот на странските дирекни инвестиции и нивното стратешко значење за секоја земја во развој.

Но, нивното стратешко значење не треба да го намали значењето на домашните инвестиции. Иако, на краток рок, зголемувајќи ја домашната агрегатна потрошувачка, соодветно ќе го продлабочат трговскиот дефицит, односно условуваат раст на дефицитот во платниот биланс, сепак бидејќи е производна инвестиција, на подолг рок ќе поттикне динамика во насока на приближување на основните агрегати во надворешно-трговската размена. Затоа, домашните инвестиции треба да имаат подеднаков системски третман.

Во тој контекст, предвидените мерки само преку намалувањето на даноците, односно со рамниот данок не се доволни за реализација на истите. (на пр. Р. Хрватска на тој план донесе Закон за поттикнување на вложувањата, со кој се уредува поттикнувањето на вложувањата на домашните, странските правни и физички лица, кои вршат стопанска дејност на територијата на Р. Хрватска, учествуваат во прометот на стоки и услуги со цел поттикнување на стопаснкиот раст, развој и јакнење на конкурентската способност на хрватското стопанство).

(На пример, за поттикнување на развојот на трговски друштва ориентирани на извоз и ново вработување, со Буџетот за 2007 година Р. Хрватска одвои 165 милиони куни или 23 милиони евра, за осигурување на извозот 4 милиони евра, за кредитирање преку Хрватската банка за обнова и развој во функција на поттикнување на извозот, инфраструктурата и стопански активности на мали и големи претпријатија 30 милиони евра.)

## ПРИОРИТЕТ 6:
Спречување на "сивата" економија.

## ПРЕДЛОГ-МЕРКИ:
1. едноставна регистрација на мал трговец;
2. едноставно водење на задолжителна евиденција на прометот;
3. намалување на данокот на добивка за 30%, или ослободување од истиот во наредните три години;
4. прецизно дефинирање на обврските на секој инспекциски орган, во функција на спречување на "сивата" економија.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ:
"Сивата" економија, како противзаконска активност насочена кон стекнување на економска корист вон платниот промет, несомнено е еден од најтешките и за разрешување најсложен проблем, што се потврдува со фактот за нејзино постоење и во најразвиените земји. Прашање е само, во колкав обем може да се смета за прифатлива, поради нејзините неспорно штетни последици, кои пред се´ се рефлектираат во намалувањето на државните приходи од една, и нелојалната конкуренција на трговските друштва кои стопанисуваат согласно актуелните законски прописи од друга страна.

Учеството на "сивата" економија во земјите на ОЕЦД е од 10% до 20 % од регистрираната стопанска активност, или просек 13,2 % до 16,8 %. Ретки се земјите со помалку од 10% (само во Швајцарија и САД), а повеќе од 20 % во Грција и Италија. Кај нас достигна обем од околу 35%-40% од бруто-домашниот производ.

Во претходниот Закон за трговски друштва ("Службен весник на РМ" 28/96 од 6 јуни 1996 год.) член 6 - постоеше форма на мал трговец, и согласно истиот беше донесена посебна Уредба за трговските дејности од мал обем и начинот на нивна регистрација.

Актуелниот закон формата на трговец од мал обем ја изостави поради што нема исклучоци при регистрацијата на трговски друштва, односно трговец-поединец за вршење трговски дејности од мал обем.

Иако годинава постапката за регистрација значително се поедностави, сепак се´ уште е сложена за мал трговец. Наведеното упатува на потребата од крајно поедноставување на процедурата за нивна евиденција со цел непречено легализирање на нивната дејност, како прв чекор во спречувањето на "сивата" економија, покрај останатите чекори во рамките на соодветните инспекции.

**ПРИОРИТЕТ 7:**

Интензивирање на активностите за гасификација на Македонија.

**ПРЕДЛОГ МЕРКИ:**

Надминување на проблемите за сопственоста на ГА-МА.

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ:**

Итензивирањето на производството значи пораст на потребите од енергија, наспроти намалените можности за нивно подмирување од домашно производство. Покрај сигурноста, високиот раст на цената на енергијата (цената на нафтата на светските берзи, како и либерализацијата на пазарот со електрична енергија), ја чинат гасификацијата на РМ клучен приоритет за македонското стопанство.

Уште во 2005 година се соопшти проектот дека на територијата на нашата земја природниот гас ќе пристигнува на пресечната гранична точка во месноста Деве Баир, меѓу Македонија и Бугарија. Транспортот ќе се извршува преку магистралниот гасовод што поминува низ Крива Паланка, Кратово, Куманово, па до Скопје, а дистрибуцијата ќе се врши преку градските гасоводни мрежи во Скопје, Куманово, Кратово и Крива Паланка.

Но, активностите на тој план за почеток на реализацијата на овој многу важен проект се´ уште се на самиот почеток. Во Буџетот се предвидени само 180 милиони денари што е недоволно за реализација на оваа цел. Во тој контекст, потребно е итно надминување на проблемите меѓу сопствениците на ГА-МА - Скопје.

**ПРИОРИТЕТ 8:**

Ефикасна и стручна администрација.

**ПРЕДЛОГ-МЕРКИ:**

Промени во Законот за државни службеници.

Во Законот за државни службеници да се измени член 23 и таксативно да се назначи дека е забранета политичка активност на државните службеници.

Во Законот за државни службеници да се измени член 71, кој се однесува на парична награда на државен службеник за посебно ангажирање и квалитетно извршување на работата и да се предвидат две негови плати наместо една како што е во постојното решение.

Агенцијата за државни службеници да воспостави практика на информирање на јавноста за случаи на неодговорно и несовесно работење.

Владата на РМ посебно да ја афирмира примената на новиот систем на плати и надоместоци за државните службеници кој треба да стапи на сила од 01.01.2008 година.

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**:

Еден од меѓународно применуваните критериуми за оценување на квалитетот на бизнис-климата е и ефикасноста на јавната администрација. Досегашните оценки од меѓународни институции за овој критериум во нашата држава се неповолни. Јавната администрација е доста партизирана, професионалниот капацитет е нарушен, а системот на плати не е доволно стимулативен. Токму затоа Владата на РМ треба да посвети посебно внимание за преземање мерки и активности кои ќе придонесат да се подигне квалитетот на работата на јавната администрација, растоварена од партиски и политички притисоци и влијанија и многу подобро наградена, бидејќи согласно Законот за државни службеници примената на новиот систем на плати и надоместоци треба да почне да се применува од 01.01.2008 година.

**ПРИОРИТЕТ 9:**
Континуитет на професионалната јавна администрација.

**ПРЕДЛОГ-МЕРКИ:**
Постигнување политички консензус за изземање на партиското влијание.

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ:**
Стопанската комора на Македонија бара од Владата на РМ да иницира состанок на сите релевантни политички партии застапени во Собранието на РМ, од којшто ќе произлезе консензус околу прашањето до кое ниво на администрацијата ќе се менуваат раководните работници при евентуална промена на власта. На тој начин уште во текот на 2008 година секој вработен во државната администрација ќе биде растоварен од сознанието дека може да е цел на политичка пресметка.

**ПРИОРИТЕТ 10:**
Примена на Препораките на Венецијанската комисија за Контрола на финансирањето на политичките партии.

**ПРЕДЛОГ-МЕРКИ:**
Да се извршат измени и дополнувања на Законот за финансирање на политичките партии ("Сл. весник на РМ" бр. 76 од 27.10.2004 година).

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ:**
Законската регулатива за финансирање на политичките партии е непрецизна и остава голем простор за злоупотреби и нетранспарентно работење. Покрај тоа, фирмите и нивните сопственици и менаџерски тимови се изложени на чести притисоци за финансирање на политичките партии и изборните кампањи, што има негативно влијание на бизнис-климата и на привлекувањето странски инвеститори. Стопанската комора на Македонија инсистира во 2008 година целосно и практично да се применат Препораките на Венецијанската комисија. Со нивната примена, за финансирањето на политичките партии и изборни кампањи треба да се забранат донациите на правните лица, а максимално да се зголемат јавните извори на финансирање од Буџетот на Република Македонија и буџетите на општините и на градот Скопје. Ваков пример има во Франција.

**ПРИОРИТЕТ 11:**
Реализација на основните макро-економски предвидувања за 2008 година.

**ПРЕДЛОГ-МЕРКИ:**
Со Буџетот на РМ за 2008 година, да се предвидат средства за награда од вкупно 20.000.000 денари за членовите на Владата на РМ - согласно надлежноста, доколку во 2008 година се реализираат нивните макроекономски предвидувања и, доколку се постигне согласност со опозицијата, тоа да стане пракса во натамошниот период.

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ:**
Тргнувајќи од фактот што реализацијата на наведените макроекономски предвидувања ќе се остварува во поусложнети услови на стопанисување, условени од порастот на цените на нафтените деривати од една, недостигот на електрична енергија од друга страна, посилната конкуренција условена од натамошната либерализација на пазарот, неопходни се дополнителни залагања на Владата на РМ, со конкретни активности и ефикасни системски мерки за подобрување на бизнис-климата во 2008 година и во согласност со нашите залагања за изградба на модерен и ефикасен систем на наградување на сите нивоа.

**ПРИОРИТЕТ 12:**

Чистење на сметот од јавните површини.

**ПРЕДЛОГ-МЕРКИ:**

Донесување ригорозни казнени одредби во Законот за комунални дејности и Законот за управување со отпад.

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ:**

Стопанската комора на Македонија бара промени во казнените одредби на Законот за комунални дејности, со кои ќе се воведат ригорозни казни за неисчистените јавни површини од смет, што е прва и лоша слика за степенот на организираност на единиците на локална самоуправа, па и на државата.

Засилените инспекциски контроли, пропратени со високи казни, преземени од државниот комунален, односно еколошки инспекторат ќе ги мобилизираат јавните комунални претпријатија на тој план да го исчистат сметот во нивните средини, којшто покрај здравата животна средина го затрупува и - бизнисот.

Се предлага и да се разгледа можноста за унапредување на ефикасноста на претпријатијата од оваа област преку нивна приватизација.

Странските инвеститори својот прв впечаток за земјава го формираат токму преку (не)чистите градови.

